# Мониторинг на судски предмети од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција во Македонија 2010 година

Скопје, Август 2011

# Мониторинг на судски предмети од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција во Македонија 2010 година

Автор:Михаил Готовски

Издавач: Коалиција “Сите за правично судење“
Ул. Македонија бр. 11/2-10
1000 Скопје, Р. Македонија
Тел/факс:++389 2 3215-263
e-mail:contact@all4fairtrials.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

Поддржано од :

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Генерален секретаријат

Овој проект е поддржан од Влада на Република Македонија. Мислењата, откритијата и заклучоците, или препораките изнесени овде се на авторот(ите), и не ги одразуваат оние на Влада на Република Македонија.

# Содржина:

1. Проект ‘‘Следење на предмети од областа на трговија со луѓе и илегална миграција во 2009 – 2010 .......... 4
1.1. Предмет на истражувањето .......... 5
1.2. Цели на проектот .......... 6
1.3. Методологија .......... 6
1.4. Примерок .......... 7
2. Законска регулатива .......... 7
2.1. Трговија со луѓе .......... 7
2.2. Криумчарење на мигранти .......... 9
2.3. Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти 11
2.4. Трговија со малолетно лице .......... 11
2.5. Посредување во вршење проституција .......... 13
3. Откривање на сторители .......... 15
3.1. Организационата форма во предметите од Трговија со луѓе и илегална миграција .......... 17
4. Профил на сторителот .......... 19
4.1. Пол на сторителот .......... 19
4.2. Национална застапеност .......... 19
4.3. Возраст .......... 20
4.4. Образование .......... 20
4.5. Рецедивизам .......... 21
4.6. Занимање .......... 21
5. Осврт на кривичните постапки .......... 22
5.1. Употреба на доказни средства .......... 22
5.2. Притвор и други превентивни мерки .......... 23
5.3. Должина на постапката .......... 25
5.4. Казнена политика .......... 27

# 1. Проект “Следење на предмети од областа на трговија со луѓе и илегална миграција во 2009 – 2010

Коалицијата Сите за правично судење во периодот од 2005 година до денес, преку директно набљудување на судските предмети од областа на Трговијата со луѓе и илегална миграција, пред Основните судови во Република Македонија, се обидува да изврши позитивно влијание како врз директните имплементатори и учесници во борбата со овој вид на криминал, така и со запознавање на пошироката јавност. Во последните 7 години Коалицијата го набљудува казнено правниот одговор на државните институции спрема идентификуваните предмети од областа на Трговија со луѓе, Илегална миграција и Посредување во вршење проституција со кратки прекини во следењето, пред се заради недостаток на средства за континуиран мониторинг.

Согласно законските прописи во Република Македонија, за судско процесуирање на овие предмети надлежно е Одделението за борба со предмети од областа на организираниот криминал и корупција, при Основен суд Скопје 1 – Скопје, со чија соработка беше направена анализа на идентификуваните предмети, кои во периодот на имплементација на проектот се појавија во првостепена судска постапка. Согласно табелата за идентификувани и набљудувани предмети од страна на Коалицијата, се забележува драстичен напредок во процесуирани предмети казниви по член 418- г од Кривичниот законик на Република Македонија – Трговија со малолетно лице. Овој податок е дополнително значаен имајќи го во предвид податокот дека за време на претходниот проект на Коалицијата кој беше имплементиран во период од Септември 2009 до Април 2010 година, беа идентификувани 8 предмети, од кои пред основниот суд се појавија само 2 предмети за Трговија со малолетно лице кои немаа судска завршница за време на траењето на проектот. Коалицијата, како и во минатогодишните извештаи, смета дека од страна на органите на прогонот во Република Македонија, не се исползува во целост битието на кривичното дело Трговија со малолетно лице. Имено, иако законот предвидува кривична одговорност на сторител кој ке изврши дело Трговија со малолетно лице, преку присилен брак или принудување на работа, сепак во 4 случаи се работи за принуда за давање сексусални услуги, во само еден случај оштетените малолетни лица биле принудени на присилна работа, додека ниту во 2011 година нема ниту еден предмет на Трговија со малолетно лице заради склучување наприсилен брак. Во недостаток на официјални податоци, се создава атмосфера на шпекулации во јавноста, подгреани со фактичката состојба на терен, дека е прилично голем бројот на деца кои принудно питачат или вршат определени физички работи, како и дека постојат случаи на договарање на бракови помеѓу малолетни лица, но ваквите случаи исклучително ретко доаѓаат во фаза на судска постапка.

| | 418 а | 418б/418в | 418г | 191 |
|---|---|---|---|---|
| **Јануари – Август 2011** | 1 | 12 | 5 | **3** |
| **Септ.2009/Април 2010** | 2 | 15 | / | **3** |
| **2008** | 4 | 9 | 3 | **1** |
| **2007** | 2 | 2 | 0 | **0** |
| **2006** | 3 | 10 | 0 | **6** |
| **2005** | 11 | 8 | 0 | **16** |
| **Вкупно набљудувани** | **23** | **56** | **8** | **29** |

**Табела 1:** Приказ на нови предмети по години

## 1.1. Предмет на истражувањето

Проектот "Мониторинг на судски предмети од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција во Македонија 2010 година" како предмет на истражување во фокусот ги има следните кривични дела:

- Трговија со луѓе - Чл 418 А од КЗ на РМ
- Криумчарење на мигранти - Чл 418 Б од КЗ на РМ
- Организирање на група и поттикнување на извршување на делата Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти - Чл 418 В од КЗ на РМ
- Трговија со малолетно лице - Чл 418 Г од КЗ на РМ
- Посредување во вршење проституција - Чл 191 од КЗ на РМ

Сите наброени кривични дела влегуваат во дела од областа на организираниот криминал, за кои е надлежно Одделението за борба со предмети од областа на организираниот криминал и корупција, при Основен суд Скопје 1 – Скопје, освен кривичното дело Посредување во вршење проституција (Чл 191 од КЗ). Интересот за набљудување на ова кривично дело, кое не влегува во делот на кривични дела од областа на трговија со луѓе и илегална миграција, Коалицијата го има во тоа што во изминатите 7 години, често се случуваше да дојде до преквалификување на кривичното дело од Трговија со луѓе во Посредување во вршење на проституција, заради сличностите на битијата на овие две кривични дела. Воедно со измените на кривичниот законик, Сл. Весник бр.139 од 04.11.2008 година предвидената казна за делото Посредување во вршење проституција значително се зголеми, па од интерес на ова истражување беа и ефектите од законските измени.

Оваа правна анализа како главен интерес ги има самите кривични постапки за делата поврзани со Трговија со луѓе и илегална миграција, притоа анализирајќи определени процесно правни аспекти, како опис на профил на сторител на кривично дело и жртва, анализа на должината на постапката од аспект на изведување на разни докази, присуство на учесници иpричини за одлагање, како и анализа за одмерувањето на казните, за секое дело поединечно.

## 1.2. Цели на проектот

Цели на спроведеното истражување во рамки на проектот се:

- Анализа на примената за законските измени и предлагање на начини за подобрување на гонењето на сторители на дела од областа на трговија со луѓе и илегална миграција, во постапките пред основните судови во Република Македонија.
- Нотирање на промени од претходниот мониторинг на судски предмети за кривични дела од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција и следење на примената на новите механизми за поуспешна борба против организираниот криминал.
- Поддршка на судскиот систем во насока на подобрување на казнено правниот одговор на делата од областа на Трговија со луѓе, преку истакнување на добрите практики и лоцирање на определени практични проблеми.
- Подигање на свеста за проблемот и потребата од борба против Тговијата со луѓе, Посредувањето во проституција и Криумчарењето на мигранти, преку финалниот извештај, поткрепен со соодветни статистички показатели.

## 1.3. Методологија

Коалицијата Сите за правично судење, во рамки на имплементирањето на своите проекти, а и во ова истражување,  поседува уникатно искуство на собирање на податоци директно од судските рочишта. Прв чекор е востановената практика на известување на Претседателите на Основните судови во Република Македонија за отпочнувањето на проектот, во кој се бара податок за започнатите предмети од областа на Трговија со луѓе и илегална миграција како и дозвола за присуство на рочиштата од страна на набљудувачките тимови на Коалицијата. По претходно добиени податоци за започнување на предмет од областа на Трговија со луѓе или илегална миграција, на секое рочиште присуствува тим од двајца набљудувачи на Коалицијата, кои врз основ на мониторинг на самата постапка, собираат релевантни податоци, кои подоцна инкорпорирани во стандардизиран прашалник ги праќаат до проектниот координатор. Прашалниците се внесуваат во соодветна програма за обработка на статистички податоци (СПСС програма), која обозможува екстракција на разни статистички податоци, кои се од интерес на ова истражување.

Врз основ на податоците до кои е дојдено, изготвени се статистички показатели при чија анализа се прави обид да се види како фреквенцијата на појавување на овој вид на кривични дела пред судовите во последните години, така и за спроведувањето на постапката, нејзината брзина и начинот на казнување на сторителите.

## 1.4. Примерок

Набљудувачкиот процес, како дел од собирањето на информации директно од судските предмети, ги опфати сите предмети од областа на Трговија со луѓе, Криумчарење на мигранти, Организирана форма на трговија и криумчарење, Трговија со малолетно лице и Посредување во вршење проституција, за кои што Коалицијата доби информација дека се во тек за време на целото истражување. Во периодот од 01.01.2011 до 31.08.2011 година иднетификувани се 21 кривични предмети од областа на Трговија со луѓе и илегална миграција, а набљудувани се 70 рочишта по конкретните предмети.

Дополнително, секојдневно беше следена работата на судовите преку увид во нивните интернет сајтови, при објавување на пресуди и известувања, кои се однесуваат на темата Трговија со луѓе и илегална миграција.

# 2. Законска регулатива

## 2.1. Трговија со луѓе

Од 2002 година, со законот за измена и дополнување на кривичниот законик, Сл.в на РМ број 04/02, кривичното делот Трговија со луѓе е инкорпорирано во македонскиот казнен систем. Конкретното кривично дело во меѓувреме претрпе низа на промени и дополнувања (Сл.В бр. 19/04, Сл.в на РМ бр.7/08, Сл В на РМ бр. 114/09) и со овие измени и дополнувања, членот 418 а од Кривичниот законик на Република Македонија, гласи:

***Член 418-а***

***(1)Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.***

***(2)Тој којшто ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставот (1) на овој член ќе се казни со затвор од најмалку четири години.***

***(3)Тој којшто користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од лица за кое знаел или бил должен***

***да знае дека е жртва на трговија со луѓе ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.***

***(4)Ако делото од ставовите 1,2 и 3 на овој член го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со казна затвор најмалку 8 години.***

***(5) Согласноста на жртвата на трговија со луѓе заради намера за експлоатација предвидена во став 1, не се од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.***

***(6)Ако делото од став 1 го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.***

***(7) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото, се одземаат.***

| | **Став 1** |
|---|---|
| **418 а** | **1** |

**Табела 2:** Предмети во 2011 година

Кривичното дело Трговија со луѓе во Република Македонија во целокупниот период на истражување на Коалицијата бележи пад во идентификувањето и казнувањето. Имено во 2005 година откриени и процесуирани во судска постапка се 11 предмети, за во 2006 година да биде видена постапка во 3 предмети, во 2007 година во 2 предмети, а во 2008 година во 4 предмети.

Со оглед на недостатоткот на континуитет во мониторингот од страна на Коалицијата за 2009 и 2010 година, не располагаме со комплетен број на заведени судски предмети од областа на Тргвојата со луѓе, но известувањата на Националната комисија за борба против Трговијата со луѓе и илегална миграција, покажуваат дека во овие години нема значителни поместувања на бројот на идентификувани предмети.

Во 2011 година, со оглед на проектниот период за набљудување опфатени се првите 8 месеци од годината. Приотоа за тој период е идентификувана една кривична постапка против едно лице, која што започна во 2011 година, а до завршувањето на проектот е донесена и првостепена пресуда.

| Период | Бр. на предмети |
|---|---|
| **Јануари – Август 2011** | **1** |
| **Септември 2009 - Април 2010** | **2** |
| **2008** | **4** |
| **2007** | **2** |
| **2006** | **3** |
| **2005** | **11** |

**Табела 3:** Случаи на трговија со луѓе од 2005 до 2011

Малиот број на оформени судски постапки за делото Трговија со луѓе од страна на стручната јавност се објаснува на различни начини. Имено во дискусиите помеѓу различни одговорни лица, во различни фази на идентификувањето на кривичните дела и казнено правниот одговор се среќаваат различни анализи на причината на малиот број на предмети, квалификувани како Трговија со луѓе.

Постои мислење дека значително поголемиот број на предмети во 2005 година се однесува на периодот после конфликтот во 2001 во Република Македонија, каде што од една страна имаше големо присуство на припадници на странски војски, што е погодно тло за развој на Трговија со луѓе. Воедно во тој период во Република Македонија сеуште постоеја определени села, каде што контролата на државните органи не беше на задоволително ниво. Овие две причини со текот на времето исчезнаа, па со тоа се намали и бројот на идентификувани предмети од областа на Трговија со луѓе.

Анализата од друг аспект, тврди дека бројот на странски државјани, кои беа идентификувани како жртви на Трговија со луѓе, значително се намали по пеиклучувањето на Романија и Бугарија во Европската унија. Ова тврдење се однесува на фактот што во периодот од 2005 до 2007 година, најголемиот број на жртви беа странски државјани, а Република Македонија беше првенствено дестинација на тргуваните жртви, кои во најголем број доаѓаа од земјите од источна Европа. Со приклучувањето на овие земји во Европската унија, се отежна транзитот на жртвите, кои како крајна дестинација ја имаа Република Македонија. Се чини дека оваа теза е оправдана, од причина што самите резултати покажуваат дека е значително намален бројот на идентификувани странски жртви во последните 3 години.

Како причина за намалување на бројот на кривични предмети, квалификувани како Трговија со луѓе, може да се наведе и фактот дека во 2008 година, како кривично дело е додаден и членот Трговија со малолетно лице. До 2008 година, сите дела идентификувани како Трговија со луѓе беа анализирани заеднички, без оглед на возраста на жртвата, а во последните 3 години, како Трговија со луѓе се водат само предметите каде како оштетен се јавува полнолетно лице.

Од друга страна се чини дека наоѓа оправдување и тезата дека Министерството за внатрешни работи мора да го промени начинот на откривање и идентификување на случаите каде што има елементи на Трговија со луѓе. Имено, во 2011 година продолжува праксата да се обезбедат докази за Трговија со луѓе, преку ненајавени контроли и рации во ноќни барови и локали. Овој начин на контролирање на Трговијата со луѓе во Република Македонија, се чини дека е неуспешен, па предлагаме користење на посебните истражни мерки, како начин за обезбедување на докази, слично на праксата на МВР во кривичните дела од областа на Криумчарење на мигранти.

## 2.2. Криумчарење на мигранти

Со законот за изменување и дополнување на кривичниот законик од 30.03.2004 година (Сл.В бр. 19/04), додаден е членот 418 б кој се однесува на Криумчарење на мигранти. Со додавањето на член 5, кој се однесува на сторител – службено лице кој делото ке го изврши во вршење на службата, членот 418 б го добива следниот текст:

***Член 418-б***

***(1) Тој што со сила или со сериозна закана дека ќе нападне врз животот или телото, со грабнување, измама, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг илегално пренесува мигранти преку државната граница, како и тој што прави, набавува или поседува лажна патна исправи со таква цел, ќе се казни со затвор најмалку четири години.***

***(2)Тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа мигранти, ќе се казни со затвор од една до пет години.***

***(3)Ако при вршењето на делата од ставовите 1 и 2 е загрозен животот или здравјето на мигрант, или со мигрантот се постапува особено понижувачки или сурово, или се спречува тој да ги користи правата што му припаѓаат според меѓународното право, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.***

***(4)Ако делото од ставовите 1 и 2 е сторено со малолетно лице, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.***

***(5) Ако делото од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку десет години.“***

***(6) Предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.***

| | Став 1 | Став 2 | Став 4 |
|---|---|---|---|
| **Криумчарење на мигранти - 418б** | **1** | **14** | **8** |

**Табела 4:** Предмети по ставови во 2011 година

Основниот облик на делото Криумчарење на мигранти го врши тој што со сила или со сериозна закана дека ќе нападне врз животот или телото, со грабнување, измама, од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг илегално пренесува мигранти преку државната граница, како и тој што прави, набавува или поседува лажна патна исправа со таква цел.

Во досегашната судска практика, сторителот на кривичното дело Криумчарење на мигранти е лице кое од користољубие илегално пренесува мигранти преку државната граница.

Во периодот од 2005 година до денес, во текот на набљудувањето на предметите од Трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија, овој вид на кривично дело беше најзастапено. Во дел од обвиненијата кривичните дела беа квалификувани како Криумчарење на мигранти а во дел како Организирање на група и поттикнување на извршување на делото криумчарење на мигранти. Во овие кривични дела во изминатите години успешно беа применети различни Посебни истражни мерки, а воедно беа идентификувани и пресечени 3 големи организирани групи кои се бавеа со Криумчарење на мигранти.

## 2.3. Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти

***Член 418-в***

***(1)Тој што организира група, банда или друго здружение за вршење на кривични дела од членовите 418-а, 418-б и 418 г, ќе се казни со затвор најмалку осум години.***

***(2)Тој што ќе стане припадник на група, банда или друго здружение од став 1 или на друг начин ја помага групата, бандата или здружението, ќе се казни со затвор најмалку една година.***

***(3)Припадник на групата од став 1 кој ќе ја открие групата пред да стори кривично дело во нејзиниот состав или за неа, ќе се ослободи од казна.***

***(4)Тој што повикува, поттикнува или поддржува извршување на кривичните дела од членовите 418-а, 418-б и 418 г, ќе се казни со затвор од една до десет години.***

| | Став 1 | Став 2 |
|---|---|---|
| 418 в | 4 | 16 |

**Табела 5:** Предмети по ставови во 2011 година

Иако членот 418 в се однесува на организирање и членство во криминална група за извршување на делата Трговија со луѓе, Криумчарење на мигранти и Трговија со малолетно лице, сепак во судската практика на Република Македонија до сега сите предмети каде што се судело на организирана група се однесуваат на кривичното дело 418 б – Криумчарење на мигранти.

## 2.4. Трговија со малолетно лице

***Член 418-г***

***(1) Тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава,засолнува или прифаќа малолетно лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација,порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилнибракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.***

***(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана,со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање***

***или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, ќе се казни со затвор најмалку десет години.***

***(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од малолетно лице за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор најмалку осум години.***

***(4) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите 1 и 2, ќе се казни со затвор најмалку четири години.***

***(5) Ако делото од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку десет години***

***(6) Согласноста на малолетното лице со дејствијата предвидени во став 1, не е од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.***

***(7) Ако делото од став 1 го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.***

***(8) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.***

| | Став 1 | Став 2 | Став 3 |
|---|---|---|---|
| **418 г** | **7** | **5** | **3** |

**Табела 6:** Предмети по ставови за Трговија со малолетно лице во 2011 година

Членот 418 г од КЗ на РМ се појави како одговор на зачестеноста како жртви на трговија со луѓе во Република Македонија да се јавуваат малолетни лица. Заради спречување на оваа тенденција, законодавецот се одлучи на вметнување на сосема нов член во Кривичниот законик, наместо да го регулира построго прашањето во веќе постоечкиот член 418 а – Трговија со луѓе.

Во текот на последното 8 месечно истражување од страна на Коалицијата, во периодот од септември 2009 до Април 2010 година, беа започнати два предмети пред Основен суд Скопје 1 за кривично дело трговија со малолетно лице.

Во текот на ова истражување пак, утврдено е дека бројот на предмети кои се заведени како Трговија со малолетно лице е зголемен на 5. Иако во последните две истражувања се работи за периоди кои не соодветствуваат со календарските години, сепак, може да се заклучи дека органите на прогонот биле значително поефикасни во откривањето и процесуирањето на кривичните дела по членот Трговија со малолетно лице.

Како околност која оди во прилог на тврдењето дека постојат кривични дека кои може да бидат квалификувани како Трговија со луѓе е непостоењето на предмети кои се однесуваат на присилната работа, како вид на трговија со луѓе. Имено во текот на месец Август 2011 година, засилена медиумска активност доби проблемот со питачењето и извршувањето на определени работи од страна на малолетни лица, претежно со ромска етничка припадност

по улиците во некои од градовите во Република Македонија. Доколку се имаат во предвид информациите кои излегуваат во јавноста, но сеуште се во форма на шпекулација, дека тое малолетници се присилени да питачат и работат, а материјалните средства кои ги добиваат им се одземаат од страна на некои организирани групи, се чини дека ваквите дејствија се поклопуваат со описот на кривичното дело Трговија со луѓе. Имено, ставот 1 во членот 418 а, покрај другото предвидува дека: ***Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуди или други форми на присилба, .....заради експлоатација по пат на .......принудна работа или слугување..... ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.***

Во таа насока потребно е органите на прогонот, да се посветат дополнително на ваквите случаи и да се утврди дали навистина малолетни лица се присилени да извршуваат определени работи, од страна на оргаизирана група, со цел да се здобие со противправна имотна корист.

## 2.5. Посредување во вршење проституција

Иако делото Посредување во вршење проституција од член 191 од Кривичниот законик на Република Македонија не влегува во групата на дела од областа на организираниот криминал, сепак заради сличноста со делото Трговија со луѓе е предмет од интерес на оваа анализа.

***Член 191***

***(1)Тој што врбува, наведува, поттикнува или намамува лице на***

***проституција или тој што на кој и да е начин учествува во предавање на лице на друг заради вршење проституција, ќе се казни со затвор од пет до десет години.***

***(2)Тој што заради заработувачка му овозможува на друг користење на сексуални услуги, ќе се казни со затвор од три до пет години.***

***(3)Тој што заради заработувачка со сила или со сериозна закана за употреба на сила ќе присили или со измама ќе наведе друго лице на давање сексуални услуги, ќе се казни со затвор од најмалку осум години.***

***(4)Тој што организира вршење на делата од ставовите 1 до 3 или делата ќе ги стори при вршење на семејно насилство, ќе се казни со затвор од најмалку десет години.***

***(5) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.***

***(6) Недвижностите искористени и предметите употребени за извршување на делото, се одземаат.***

| | Став 1 |
|---|---|
| **191** | **7** |

**Табела 7:** Предмети по ставови во 2010 година

Коалицијата Сите за правично судење со години наназад, во секој годишен извештај, предлага бришење на ставот 3 од членот 191. Ова е од причина што описот на кривичното дело во потполност се поклопува со описот на кривично дело Трговија со луѓе. Имено, постојат елементите дека делото се врши со закана, употреба на сила, или измама, а разликата е во тоа што во кривичното дело Трговија со луѓе жртвата може да биде злоупотребена на повеќе различни начини, додека во кривичнто дело Посредување во вршење проституција, само заради проституција. Иако постојат сомневања дека проституцијата во определени локали низ Република Македонија, не е искоренета до мера да се појавува само инцидентно, сепак се чини дека согласно предметите кои добиваат судска разрешница, идентификувани случаи се само по неколку годишно.

Дека е потребно подетално собирање на докази од страна на органите на прогонот, заради обезбедување на делото, сведочи и самиот дневен билтен на настани на МВР. Имено во периодот на траење на ова истражување, на интернет страницата на МВР се објавени податоци за 7 акции во ноќни барови и локали, при што се затекнати 59 нелегално вработени лица, сите од женски пол, од кои 43 се странски државјани. Илегалните работнички се најчесто од Република Албанија, протоа од Србија и Бугарија, како и една од Косово. Се чини дека е проблематична причината за вработување, во некои случаи дури и повеќе од 10 лица во еден локал, да работат како пејачки и услужен персонал, а МВР по спроведувањето на акцијата и добиените искази на затекнатите лица да поведе постапка за повреда на законот за работни односи, односно за непријавување на работник .

Идентификуваните 3 предмети од делото Посредување во вршење проституција се водени во Основните судови во Скопје, Куманово и Тетово. Од набљудуваните три случаи во 2011 година, само предметот воден во Основен суд Тетово е завршен со првостепена пресуда, во која двајца од обвинетите се ослободени од обвинението, додека третообвинетиот е осуден на казна затвор во траење од една година. Со оглед на тоа дека единствениот предмет кој доби судска разрешница се однесува на кривично правен настан кој се случил пред Ноември 2008 година, изречената казна е во висина од 1 година, односно според законот кој е поблаг за сторителот. Во последните 3 години, откако на сила е изменетиот и дополнет член за Посредување во вршење проституција, Коалицијата нема идентификувано ниту еден предмет пред основните судови кој се однесува на тој период а завршил со првостепена пресуда.

Се наметнува како прашање дали заострената казнена политика ги одвратила сторителите од вршење на овој вид на криминална активност, или пак од друга страна Јавното обвинителство не се решава за определени случаи да поведе постапка која би резултирала со толку висока казна.

Од овде се наметнува прашањето дали навистина непостоењето на судски предмети од областа на Посредување во вршење на просиситуција, и релативно малиот број на предмети Трговија со луѓе, навистина ја отсликува состојбата во општеството, дека таа појава е сузбиена до ниво на исчезнување.

# 3. Откривање на сторители

Согласно извештајот на Министерството за внатрешни работи за работа на карактеристични кривични дела од областа на организираниот криминал од 2001 до 2010 година, состојбата е следна:




**Приказ 1:** Број на пријавени предмети од 2008 до 2010

Се забележува дека во 2009 и во 2010 година опаѓа бројот на пријавени предмети за сторени кривични дела од областа на Трговија со луѓе и илегална миграција. Со оглед на текот и должината на предистражната и истражната постапка, дел од предметите кои Министерството за внатрешни работи ги има регистрирано во 2010 година, во судска постапка беа процесуирани во 2011 година, односно за време на траењето на проектот. Единствено во кривичното дело Трговија со малолетно лице во Основните судови е регистриран број на предмети поголем од идентификуваниот од страна на МВР во 2010 година, но тоа веројатно се однесува на предмети кои настанале во 2011 година и се експресно процесуирани, како што ќе се види подоле во делот на должина на постапката.

Во периодот на истражувањето, од 01.01.2011 до 31.08.2011 година, согласно податоците на Коалицијата, пред Основните судови во Република Македонија, започнале 12 кривични постапки по кривично дело Криумчарење на мигранти со 44 обвинети лица. Во бројот од 44 обвинети, најголем процент зазема предметот со оперативно име “Југ” во кој има 16 обвинети лица, чија постапка е вратена на повторно судење. Во еден заведен предмет за Трговија со луѓе, обвинето е едно лице, а во 5 заведени предмети од Трговија со малолетно лице, постапка се води против 19 обвинети лица.

За кривичното дело Посредување во вршење проституција, обвинети се 7 лица во вкупно 3 кривични предмети.




**Приказ 2:** Број на предмети

Во горе наведените набљудувани предмети бројот на обвинети лица е следниот:




**Приказ 3:** Број на лица против кои е поведена кривична постапка

Во споредба со состојбата во 2009 и 2010 година, бројот на лица против кои е поведена кривична постапка за кривичното дело Криумчарење на мигранти нема некакви позначителни промени, односно бројот на обвинети лица е скоро ист. Меѓутоа, огромен напредок во идентификувањето на сторителите и поведувањето кривична постапка се забележува во делото Трговија со малолетно лице, каде што во 2009 и почетокот на 2010 година немаше ниту едно обвинето лице, за во првите 8 месеци од 2011 година да се водат постапки против 20 лица, во 5 кривични предмети.

## 3.1. Организационата форма во предметите од Трговија со луѓе и илегална миграција

Во сите 5 годишни извештаи кои Коалиција Сите за правично судење ги има издадено до сега, а се во врска со Трговија со луѓе, секогаш се посветува внимание на бројот на идентификувани сторители. Ова е од причина што од делата Трговија со луѓе, Трговија со малолетно лице и Криумчарење на мигранти и со меѓународните документи и со домашното законодавство се прифатени како дела од областа на организираниот криминал. За да биде едно кривично дело анализирано како дело од областа на организиран криминал, покрај квалитативните особености кои треба да ги поседува (формирање на подолг период, заради извршување на едно или повеќе кривични дела, да има елементи на насилство, целта да е стекнување на противправна имотна корист...) постои и еден квантитативен момент, односно, групата да брои минимум 3 члена за да може да биде наречена група. Бројот на членови во група, практичарите го сметаат како ирелевантен, со оглед на тоа што лицето кое е идентификувано како сторител на кривично дело, ке биде осудено и со тоа ке биде исполнета генералната превентивна цел на казнувањето. Но од друга страна. Ако го имаме во предвид битието на пример, на делото Трговија со луѓе, логично е да постојат повеќе лица кои ќе бидат вклучени во извршување на делото, како купувач, продавач, чувар, превозник, корисник на услуги од жртвата и слично. Од таа гледна точка кај предметите каде се појавува по едно или две обвинети лица, би можеле да се сомневаме во способноста на органите на прогонот да ги идентификуваат сите лица кои би биле вклучени во извршувањето на кривичното дело.

Тргнувајќи од таа околност (колкав е бројот на обвинети лица во секој предмет), добиени се следните резултати:




**Приказ 4:** Број на обвинети лица по предмет

Бројот на учесници во група, за сите идентификувани кривични дела од областа на организираниот криминал ја покажува следната состојба:




**Приказ 5:** Број на членови во групите, кај предметите од организиран криминал

Ваквата состојба наведува на два заклучоци и тоа: или во поголемиот дел на откриени кривични дела од областа на Трговијата со луѓе и илегална миграција органите на прогонот не ја идентификуваат целата група, или често се случува сторителите искористувајќи определени случајни околности, да превземаат неорганизирани дејствија кои ги содржат елементите на трговија со луѓе или Криумчарење на мигранти.

Споредбено со периодот од 2004 до денес, откако Коалицијата врши мониторинг на судските предмети од оваа област, во последниот период се забележува подобрување на ефикасноста на органите на прогонот, во откривање на организирани групи кај дела од областа на Криумчарење на мигранти, пред се заради зголемувањето на употребата на посебните истражни мерки кои им стојат на располагање на органите на прогонот. Во 2009 година превземени се мерки за идентификување на организирани групи на сторители на кривично дело Криумчарење на мигранти, што резултираше со 2 кривични предмети, во едниот против 10, а во другиот против 16 обвинети лица. Меѓутоа, истите мерки наоѓаат своја примена исклучително ретко во откривањето на делата казниви по член 418-а, Трговија со луѓе. Во кривично правните настани, квалификувани како Трговија со луѓе и казниви по член 418 а од кривичниот законик, сеуште како главно доказно средство се користи исказот на сведокот – жртва. Во 2010 година, бројот на кривични предмети каде што како обвинети лица се јавуваа најмалку 3 лица, беше околу 20% од вкупниот број на предмети. Во 2011 година за прв пат, откако Коалицијата ги спроведува овие истражувања, бројот на предмети каде има 3 или повеќе обвинети лица се изедначи со бројот на предмети со едно или две обвинети лица. Иако овој податок е за поздравување, сепак неопходно е користење на Посебните истражни мерки, посебно во предметите од Трговија со луѓе, како би се идентификувале што поголем број на лица инволвирани во сторување на делото .

# 4. Профил на сторителот

## 4.1. Пол на сторителот

Во кривичните дела од областа на Трговија со луѓе и илегална миграција, во изминатитие години е забележително дека скоро сите сторители на кривични дела се мажи. Во некои исклучителни случаи се појавуваше жена како сторител на кривично дело.

Во анализата за 2011 година, во рамки на предметите кои се набљудувани од страна на Коалицијата состојбата е следна:

| Пол на сторителот на кривично дело | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| **Посредување во вршење на проституција** | 6 | 1 |
| **Криумчарење на мигранти** | 44 | 1 |
| **Трговија со луѓе** | / | 1 |
| **Трговија со малолетно лице** | 13 | 1 |

**Табела 8: Пол на сторителот на кривичното дело**

Иако односот на машки наспроти женски лица, обвинети за кривично дело покажува дека во најголем бро од случаите сторителите се од машки пол, сепак во делата каде битието на делото се состои од сексуална злоупотреба на жртвата се јавуваат и жени како сторители.

## 4.2. Национална застапеност

Анализата на сторителите според национална застапеност на предметот кој се водаи согласно член 418 а, односно Трговија со луѓе, во периодот од Јануари до Август 2011 година,  покажува дека едното обвинето лице е државјанин на Република Бугарија.

Во предметите од Криумчарење на мигранти и Организирана форма на криумчарење, постои голема разноликост на сторителите според националната припадност. Ова е и својствено за кривичното дело Криумчарење на мигранти заради неговите транснационални карактеристики, односно потребата од инволвирање во групата, како на државјани на Република Македонија со различна етничка припадност, така и на странски државјани.

Имено, од 44 обвинети лица, Државјани на Република Македонија се 43 лица, од кои 14 се Македонци, 19 Албанци, 1 Ром, 3 Срби и 6 со непозната етничка порипадност, додекаедниот обвинет странец е државјанин на Република Албанија.

| Националност/етничка припадност | Бр. на обввинети лица |
|---|---|
| **Државјани на Република Македонија** | 43 лица |
| ***Македонци*** | 14 лица |
| ***Албанци*** | 19 лица |
| ***Роми*** | 1 лице |
| ***Срби*** | 3 лица |
| ***нема податок*** | 6 лица |
| **Државјани на Република Албанија** | 1 лице |

**Табела 9:** Националност и етничка припадност на обвинетите

Спротивно на разноликата етничка припадност кај делото Криумчарење на мигранти, кај кривичното дело Трговија со малолетно лице сите 19 обвинети лица се Државјани на Република Македонија со албанска етничка припадност.

Кај кривичното дело Посредување во вршење проституција, обвинети се 7 лица од кои за двајца не поседуваме податок по однос на етничката припадност, додека 1 е Македонец, 1 Ром и 3 Албанци.

## 4.3. Возраст

Согласно извештајот на Коалиција Сите за правично судење од 2008 година, (Ефикасноста на судовите при справување со феноменот организиран криминал 2005/2006/2007) најголемиот дел од обвинетите лица, односно скоро 40 % од обвинетите лица се на возраст од 31 до 40 години.

Во анализата која се однесува на 2009 и почетокот на 2010 година се забележува рапидно намалување на старосната граница на обвинетите лица, односно дури 71% се на возраст од 25 до 35 години.

Иако се чинеше дека се појавува тенденција да се намали старосната структура на сторителите на кривични дела од областа на Трговијата со луѓе и илегална миграција, сепак во 2011 година од сторителите за кои поседуваме податок 42% се на возраст од 35 до 45 години, а останатите се со различна старост.

## 4.4. Образование

Проблемот со утврдување на профил на сторителот на кривичните дела, кој го има Коалицијата генерално, се појавува и во делот на образованието. Имено, набљудувани се предмети во определен временски период, кои што биле во различна фаза на постапката и е можно во сите набљудувачите да го добијат бараниот податок, ниту пак согласно закон тие имаат пристап до материјалните докази и поднесоци. Од тие причини, Коалицијата во текот на истражувањето не успеа да прибави податок за поголемиот број на обвинети лица во однос на образованието.

Сепак врз основ на расположливите податоци може да се извлече заклучок дека сторителите на кривичното дело Криумчарење на мигранти се најчесто со средно образование во околу 50% од случаите. Остатокот се со основно образование, додека во само еден случај обвинетото лице имало завршено високо образование.

Кај предметите од Трговија со луѓе, нивото на образование на сторителот е значително пониско, односно 50% се со некомплетирано основно образование, 40 % се со основно образование, додека 10% се со завршено средно образование.

## 4.5. Рецедивизам

Податокот за поранешната осудуваност е значаен, не само за анализа на профилот на сторителот на кривични дела, туку и заради одмерување на висината на санкцијата што ке ја определи судот за виновниот сторител.

Од 16 лица за кои Коалицијата доби податок за поранешната осудуваност, 11 се порано неосудувани лица, додека 6 се осудувани.




**Приказ 6:** Сооднос помеѓу сторители на дело прв пат и рецидивисти

Што се однесува до висината на казната, во корелација со поранешната осудуваност на обвинетото лице, во сите предмети каде како обвинети лица се јавуваат рецедивисти само еден е завршен со првостепена пресуда.

Иако од еден предмет не може да се даде соодветна анализа за одмерувањето на казната, сепак за забелешка е тоа што на двајцата сторители, кои судот ги прогласил за виновни им е изречена казна затвор во висина од 4 години, за делото Трговија со малолетно лице иако е предвидена минимална казна од 8 години затвор за горенаведеното дело. Во овој конкретен случај, рецедивизмот на сторителот на кривичното дело, не само што не придонел кон зголемување на казната над законски предвидениот минимум, туку дојдено е до спортивна состојба, каде му е изречена казна за двапати пониска од минималната.

## 4.6. Занимање

Во периодот на известување, добиен е податок за вкупно 28 лица по однос на нивното занимање. За лицата кои се обвинети по член 418 б – Криумчарење на мигранти, располагаме со податок за 12 обвинети лица, од кои 5 работеле како возачи, 4 се со статус на невработени лица, двајца се општи работници и еден келнер. Оваа анализа соодветствува со минатогодишните, каде што исто така во значителен број се јавуваа невработени лица како сторители на делото. Најголемиот број на обвинети се возачи, што не изненадува, имајќи го во предвид фактот дека делото се врши на начин што мигрантите се пренесуваат низ земјата како транзит или од териотријата на Република Македонија до граничен премин на некој асоседна држава.

Кај кривичното дело Трговија со малолетно лице од вкупниот податок за 12 лица, 5 се невработени, двајца работат во угостителски објекти, 3 се

управители или сопственици на приватни фирми, еден е возач и еден општ работник. Покрај невработените лица кои се јавуваат во најголем процент, значителен е и бројот на вработени лица во угостителски објекти и едно лице кое се јавува како сопственик на ноќен бар. Од ова може да заклучиме дека сеуште најчест начин за експлоатација на жртвите од Трговија со луѓе е преку проституција во ноќни барови и локали.

# 5. Осврт на кривичните постапки

## 5.1. Употреба на доказни средства

Во истражувањето спроведено во првите 8 месеци од 2011 година, се примени востановената практика на Коалицијата за собирање и анализа на податоците прибавени во постапката пред Основните судови во Република Македонија. На секое од рочиштата за одржување на главна расправа, присуствуваа по двајца набљудувачи на Коалицијата, кои ја анализираа и самата доказна постапка.

Во доказната постапка како најчесто употребувани доказни дејствија се применуваат исказ на сведок и исказ на оштетен – сведок. Понатаму во делата од областа на Криумчарење на мигранти како материјални докази се употребуваат потврда за телефонски броеви, листинг на телефонски разговори, записник за препознавање на лице, увид во казнена евиденција за поранешна осудуваност, фотокопии од патни исправи, документи за идентификација на лице, сообраќајни дозволи и потврди за привремено одземање на предмети.

Кај делата од областа на Трговија со малолетно лице и Посредување во вршење на проституција, како доказни средства најчесто се употребуваат исказ на обвинет и исказ на сведок- оштетен, а доколку не е достапен оштетениот се употребува исказ даден на запискник во претходна постапка и увид во документација за одземени предмети (најчесто пари). Сослушување на вешто лице, е применето во два наврати и тоа еднаш за утврдување на психолошка состојба на жртвата во еден предмет од Трговија со малолетно лице и во еден предмет за утврдување на спихолошка состојба на обвинето лице, во друг предмет од Трговија со малолетно лице. Се чини дека недостатокот на вештачењата е последица на состојбадта дека и покрај јасното законско решение каде судот за имотно правното барање ке одлучи во текот на кривичната постапка, сепак во праксата се воспостави правило надоместокот на штета да биде предмет на дополнителна граѓанска постапка.

Посебните истражни мерки предвидени во член 146 од Законот за кривична постапка, и годинава, како и во претходните години, најдоа своја примена само во откривањето на сторители на кривичното дело Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти, казниво по член 418 в. Во 2 предмети кои во 2011 година се водеа по член 418 в и 418 б, беа употребени Посебни истражни мерки заради обезбедување на докази, и тоа мерката од

член 146 став 3, Тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства.

Според анализираните податоци на Коалицијата, посебните истражни мерки во откривањето на сторители од областа на Трговија со луѓе, сеуште не најдоа своја примена, иако во предметите од Криумчарење на мигранти, каде што беа искористени се покажаа како исклучително корисни во докажувањето на делото, но и во идентификувањето на целата организирана група.

## 5.2. Притвор и други превентивни мерки

Притворот, интензитетот на неговото користење и оправданоста, како и прашањето дали може да биде успешно заменет со некој а друга мерка на безбедност се едни од прашањата на кои стручната јавност е константно посветена, па и коалицијата во својот дел од истражувањето. Од отпочнување на следењето на предметите од областа на Трговија со луѓе и илегална миграција до почетокот на  година Коалицијата набљудуваше предмети во кои се појавија 263 обвинети лица, од кои на 160 им беше изречена мерка притвор, што изнесува околу 61%.

Вкупното траење на притворот за лицата за кои поседуваме податок во периодот од 2005 до почетокот на 2009 година е следното:




**Приказ 7:** Притвор од 2005 - 2010

Во периодот од почетокот на 2011 година до 01. Септември 2011 од 72 обвинети лица, на 17 им била определена мерка притвор, што изнесува 23,6%. Овој број на лица на кои им е одредена мерка притвор е значително помал од просекот за минатите години и е во насока на препораките дека притворот мора да биде изрекуван само за обвинетите лица за кои постојат законските услови во кои може да се изрече таа мерка.

Во 2011 година пак, се забележува дека времето поминато во притвор е значително подолго. Од податок за должината на мерката притвор, добиен за 17обвинети лица,3 се до 45 дена, за 3 обвинети е одреден притвор од 86 дена и 11 обвинети се задржани во притвор повеќе од 180 дена.




**Приказ 8:** Притвор во 2011 година

Од друга страна на 10 обвинети лица мерката притвор им била заменета со куќен притвор,а на двајца обвинети им е изречена мерка куќен притвор, како единствена мерка за обезбедување на присуство. За поздравување е податокот дека се почесто се користи мерката куќен притвор, која со правилна примена кај поголем дел од сторителите се покажува дека е исто делотворна како мерката притвор, од аспект на достапноста за судските органи. Од друга страна куќниот притвор е далеку похумана мерка за обезбедување на присуство, а и трошоците на државата се значително намалени, споредено со притворот. Иако се работи за тешки кривични дела за кои е запретена висока казна затвор, сепак почестата употреба на куќниот притвор и на гаранцијата ќе ја избегнат констатацијата од минатите години дека понекогаш притворот добива карактер на казна, што секако не е интенцијата на законот.

| Други мерки за обезбедување на присуство | Бр. на лица на кои се применети |
|---|---|
| **Наредба за приведување** | 7 лица |
| **Одземена патна исправа** | 7 лица |
| **Дадена гаранција со цел бранење од слобода** | / |
| **Дадено ветување за достапност на судот** | 1 лица |
| **Куќен притвор** | 12 лица |

**Табела 10:** Други мерки за обезбедување на присуство

Од табелата се гледа дека судот почна да ги користи значително другите мерки за обезбедување на присуство на обвинетото лице, со што се оди во насока на почитување на правата на обвинетите лица во текот на кривичната постапка.

## 5.3. Должина на постапката

Доколку се зборува за правично судење, неизоставен дел при анализата е должината на постапката. Во набљудуваните предмети се забележуваат два вида на предмети и тоа едникои започнуваат по прв пат како и такви кои се вратени на повторно одлучување предпрвостепените судови. Со оглед на фокусот на набљудувањето, спроведено од страна на коалицијата, а врз основ на законската рамка и фактичката состојба, набљудувачите можат да ги следат само предметите пред првостепените судови, на рочишта отворени за јавноста.

Со оглед на тоа што постојат поголем број на предмети кои се вратени на повторно судење пред Основен суд, како почетен период кој го анализираме за должината на постапката го земаме времето на сторување на делото,па се до донесувањето на пресудата или до последното рочиште, во рамки на периодот на истражување.

Во кривичните дела од областа на Криумчарење на мигранти состојбата е сосема контрадикторна во делот на должината на постапката.

Имено, од 11 анализирани предмети состојбата е таква што од една страна има 7 предмети кои траеле од 2 до 6 години, од кои са само еден предмет е донесена пресуда, додека останатите се сеуште активни.

Од друга страна кај 4 предмети, кај кои кривично правното дејствие е превземено пред 9 месеци, дури 3 се завршени со првостепена пресуда.

Од овде може да се заклучи дека или се работи за брзо донесување на неквалитетни одлуки кои не можат да го поминат тестот на повисоките судови, или пак во последните години органите на прогонит значително ја подобриле својата работа и пред суд се процесуираат кривични предмети кои се солидно поткрепени со обезбедени докази. Која од овие две опции е точна ќе покаже евентуална анализа во следната година, кога ке се знае колкав дел од пресудите донесени во текот на 2010 година ке бидат вратени на повторно одлучување.

Во текот на првите 8 месеци од 2011 година се донесени 5 пресуди за Криумчарење на мигранти, при што просечното траење на предметите е скоро 9 месеци.

Кај предметот од Трговија со луѓе беше забележана огромна брзина во пресудувањето, при што предметот доби судска разрешница по само 3 месеци од откривањето. Дополнително, кај кривичното дело Трговија со малолетно лице во 2011 година активни беа 4 предмети, од кои ниту една постапка не е подолга од 11 месеци од моментот на сторување на делото, а еден предмет е завршен со првостепена пресуда во рок од 6 месеци.

Кај предметите од Посредување при вршење проституција, два предмети се сеуште активни, а предметот кој бил воден во Основен суд Тетово, е пресуден во текот на 2011 година, но по проток на дури 7 години од сторување на делото.

| Причини за одлагање на рочиште | |
|---|---|
| **Отсуство на обвинет** | 20 |
| **Отсуство на бранител** | 13 |
| **Отсуство на сведок** | 3 |
| **Повикување нови сведоци** | 9 |
| **Прибавување материјални докази** | 7 |
| **Завршни зборови** | 5 |
| **Објавување на пресуда** | 8 |
| **Отсуство на оштетениот** | 3 |
| **Отсуство на ЈО** | 9 |
| **Некомплетен судски состав** | / |
| **Останато** | 8 |

**Табела 11:** Причини за одлагање на рочиште

Согласно Законот за кривична постапка, доколку главниот претрес не може да започне, заради отсуство на некој од учесниците во постапката или не може да заврши на едно рочиште, судот ќе го одложи главниот претрес. Одлагањето на главниот претрес директно доведува до одлоговлекување на постапката, што е причина за следење на одлагањата од страна на истражувачкиот тим. Од вкупно 85 одлагања на рочишта, 33 се одложени заради отсуство на обвинетото лице или на неговиот бранител, додека 16 рочишта се одложени заради Повикување на нови сведоци или прибавување на материјални докази.

Овие две групи на одлагања на главниот претрес се најголемата причина за одолговлекување на постапката, а со тоа и најголемо поле на интерес на Коалицијата. Имено, со грижа од страна на судот да не се злоупотребуваат одредбите од Законот за кривична постапка од страна на обвинетите лица и нивните бранители, преку отсуство да ја одолговлекуваат постапката од една страна и доколку во истражната постапка се обезбедат сите потребни материјални докази и се обезбедат потребните сведоци од друга страна, бројот на одлагања на рочиштата ќе се намали за повеќе од 60%.

Бројот на одложување на главниот претрес заради причини од страна на судот или заради изостанок на Јавниот обвинител изнесува околу 10% (во 9 случаи), но таа бројка би требало да се земе со резерва од причина што доколку постои некоја друга причина за одлагање на главен претрес со која ЈО е запознаен и заради тоа не се појавил на судење, од страна на набљудувачите може да е констатирано неговото отсуство. Сепак, случаите каде отсуството на Јавен обвинител или причините од страна на судот како последица имаат одлагање на главен претрес, треба да се настојува да се сведат на минимум, посебно преку планирање на судењата, навремено известување и другите работни активности.

## 5.4. Казнена политика

Со години наназад се чини дека судската практика е склона кон санкционирање на сторителите со казни кои се блиску до законскиот минимум, а често и под тоа. Така, се чинат безпредметни одредбите со кои Кривичниот законик беше менуван, со додавање на членот Трговија со малолетно лице каде што минималната запретена казна е 8 години затвор, како и огромното зголемување на казните кај кривичното дело Посредување во вршење проституција. Ова заострување на казненаната политика се чини дека единствено доведе кон намалување на бројот на идентификувани предемти од Посредување во вршење проституција. Така кај ова кривично дело во периодот на истражувањето е донесена пресуда во само еден предмет чиј кривично правен настан е од 2004 година. Во овој предмет се обвинети 3 лица од кои двајца се ослободени, а третиот е осиден на казна затвор во траење од една година, согласно со поблагиот закон за сторителот на кривично дело, односно законот што важел во време на сторување на делото.

Кај единственото осудено лице по член 418 а, став 1 – Трговија со луѓе, каде што е предвидена минимална казна затвор во траење од 4 години, обвинетото лице е осудено на 2 години казна затвор.

Кај осудените согласно член 418 б – став 2, каде што предвидената минимална казна е 1 година затвор, две лица се осудени во рамки на законски предвидените граници, и тоа блиску до законскиот минимум. Едно лице е осудено на една година затвор, а друго на една година и два месеци затворска казна. Дополнително, две лица се осудени под законскиот минимум, со условна казна затвор.

Кај кривичното дело Трговија со малолетно лице, за став 1 е предвидена казна од мин. 8 години затвор, но, на двете лица кои се прогласени за виновни им е досудена казна од 4 години затвор.

Од горенаведеното може да се заклучи дека од сите 8 осудени лица за кои поседуваме податок, како за членот и ставот по кој се осудени, така и за висината на изречената казна, на три лица им е досудена казна во законски предвидените рамки, додека 5 лица се осудени под законските граници за делата за кои се обвинети, односно спрема нив е применет институтот ублажување на казна.

Согласно член 418 б став 6 од КЗ на РМ, предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат. Врз основ на овој член од лицата кои се осудени за Криумчарење на мигранти се одземени 2 патнички моторни возила. Дополнително одземени се и 3 мобилни телефони. Од осуденото лице за Трговија со луѓе се одземени парични средства и 2 мобилни телефони, а од сторител на делото Трговија со малолетно лице е одземена недвижност и тоа угостителски објект, согласно ставот 8 од член 418 г. За поздравување е примената на институтот одземање на недвижни предмети, кои се искористени за извршување на делото.

Во однос на Имотно-правното барање за надомест на претрпена материјална и нематеријална штета, Коалицијата не може да излезе со прецизен податок.

Имено во едиснтвениот предмет од Трговија со луѓе, воопшто нема податок дали жртвата побарала остварување на имотно правното барање.

Во предметот од Трговија со малолетно лице, кој заврши во текот на спроведувањето на набљудувањето, во текот на постапката во име на двете малолетни  жртви е поднесено имотно правно побарување во висина од по 100.000 денари. Полномошникот на оштетените во завршни зборови, а по извршената преквалификација на кривичното дело од член 418 г став 2 во член 418 г став 1, го повлекол предлогот за имотно правно барање, со цел истото да го остварат во граѓанска парница. Со тоа во периодот од јануари до август 2011 година не е забележан ниту еден случај на остварено имотно правно барање.